#купувајтемакедонскипроизводи

# ЗНМ реагира за спречувањето на Алфа да известува од Мечкин Камен

МАКЕДОНИЈА 04.08.2022 / 14:13



За време на одбележувањето на празникот Илинден на 2ри август на Мечкин Камен во Крушево, според информациите на ТВ Алфа, нивната екипа првично била спречена да го проследи настанот со објаснување дека не е акредитирана за истиот. По повеќе од еден час објаснување со владините служби, им било дозволено да го проследат настанот, реагираат од ЗНМ.

Новинарските екипи имаат право и обврска да информираат од настани кои се од јавен интерес, а не да се попречуваат во вршење на нивната работа. За ЗНМ е недозволиво владини служби да спречуваат новинари професионално да ја вршат работат, посебно кога се работи за настани од отворен карактер.